СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08- 1747/2

18..07. 2023 година

К и ч е в о

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 23-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 18.072023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот и 25 минути

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Миѓен Зендели, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини и Сибел Туфекџи.

На седницата беа присутни и Дарко Белески, Беким Мустафај и Анета Настеска-секретар- преставници од општинската администрација, директорите и преставници од : ОУ ,,Владимир Полежиноски,,- Кичево, ОУ ,,Реџо Рушит Зајази,,-Зајас, ОУ ,,Наим Фрашери,,-с.Јагол Доленци , Христо Узунов,, Другово, ОУ,, Кузман Јосифоски Питу,, , ОУ,, Санде Штерјоски

ОУ,,Наим Фрашери,, Јагол Доленци , ОУ,, Милто Гура,, Стрелци, ОУ,,Фаик Коница,, Грешница.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Записникот од 22 Седница одржана на 26.06.2023 година и истиот се усвои со 21 глас ЗА, ПРОТИВ (нема), ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог- Програма за ЛЕР за 2023 година.

2. Предлог Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Кичево за подготовка на техничка документацвија за инфраструктурен проект за с. Вранештица.

3.Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,,Христо Узунов,, Другово за учебната 2022/2023 година.

4.Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Кузман Јосифоски Питу,, Кичево за учебната 2022/2023 година

5. Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Реџо Рушит Зајази,, Зајас за учебната 2022/2023 година.

6. Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Санде Штерјоски,, Кичево за учебната 2022/2023 година.

7. Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,,Наим Фрашери,, Јагол Доленци за учебната 2022/2023 година.

8. Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Милто Гура,, Стрелци за учебната 2022/2023 година.

9. Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,,Фаик Коница,, Грешница за учебната 2022/2023 година.

10.Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,,Владимир Полежиноски,, Кичево за учебната 2022/2023 година.

11.Усвојување на Програма за работа за учебната 2022/2023 година на ОУ,,Владимир Полежиноски,, Кичево.

12. Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Ѓерѓ Кастриот Скендербег,, Србица за учебната 2022/2023 година.

13.Преедлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за град Кичево заради вклопување на бесправен објект

14.Предлог- Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ДУП за населба ,,Календерица,,-1- Блок Б Општина Кичево заради вклопување на бесправен објект.

15.Предлог Одлука за доделување на финансиска еднократна подршка на учениците и нивните наставници-ментори од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Кичево за учебната 2022/2023 година за освоено прво место на натпревари на државно ниво организирани од акредитирано зрдружение на наставници.

16. Разно.

Пред да се усвои дневниот ред Претседателот на советот предложи дополна на дневниот ред со две нови точки од обласга на Урбанизам:

16. Предлог -Одлука за донесување на измена и дополна на предлог Деталниот урбанистилки план за населба Чифлик УЕ ,,А, Блок-А6 –дел 2 со плански период 2018- 2023 г. (2.171 хектар)- Општина Кичево

17.Предлог Одлука за донесување на предлог Деталниот урбанистички план за населба ,,Девеана,, УЕ,,Д, Блок Д5-дел со плански период 2018-2023 (1 хектар) - Општина Кичево, а 16 точка од дневниот ред сага да биде 18 точка.

**Претседателот на советот** ги стави на усвојување предложените две нови точки и истите се усвоија со 21 глас ЗА, ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот Дневен ред дополнет со двете нови точки и истиот се усвои со 21 глас ЗА, ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**1.ПРВА ТОЧКА** : Предлог- Програма за ЛЕР за 2023 година

**Дарко Белески**- Информира дека оваа програма се носи покасно, бидејќи незнаеле колку средства ќе им се одобрат. Истакна дека во неа се предвидени средства кои ќе се користат за подршка на мали и средни претпријатија, за вработување на невработени лица со отварање на нови фирми врз основа на изготвени проекти. Информира дека се правеле контроли на проектите и следеле санкции, ако не биле исполнети условите.

**Виктор Алексоски**- Праша од кој датум годинава ќе се аплицира за вработување.

**Дарко Белески**- Одговори дека ќе се аплицира од Септември.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека имал 2 прашања:

1. Зошто не бил објавен повик и дали требало да се објави?
2. Побара детален Извештај за извршената контрола, со цел за да се види како се спроведува контролата.

**Дарко Белески**- Во однос на првото прашање одговори дека средствата се доделувале врз основа на Јавен повик, но лани немало, а за второто прашање истакна дека имало Методологија за следење на реализирање на програмата врз основа на фактури кои ги имале кај нив и можеле да сги проверат.

**Агим Садику**- Информира дека и порано барал детален извештај за тоа, а не поединачно да одат во општина и да прават ревизија. Извештајот треба да биде детален за тоа како се спроведува Методолигијата за проектите и постапките за нив и се да биде транспарентно.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог- Програмата за ЛЕР за 2023 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема), ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Кичево за подготовка на техничка документацвија за инфраструктурен проект за с. Вранештица

**Дарко Белески**- Информира дека во Мај имало Јавен повик за комунална и јавна инфраструктура и аплицирано е за поправка на патот во с. Вранешетица Заедно со УНДП и Општината има сопствено финансиско учество. Истакна дека е аплицирано и за прочистување на Зајашка река , но не е одобрен проектпт.

**Агим Садику**- Праша зошто не е усвоен проектот за прочистување на Зајашка река.

**Дарко Белески**- Информира дека само 4 општини добиле средства. Направена била техничка документација за Зајашка река од Мамудовци до стадионот на Напредок. Имало проблем со нерешени имотни односи кај сточниот пазар и не поминало, биле одбиени и уште чекале официјално образложение за тоа.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Кичево за подготовка на техничка документацвија за инфраструктурен проект за с. Вранештица и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**3.ТРЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,,Христо Узунов,, Другово за учебната 2022/2023 година.

**Претседателот на советот** поради временските услови и топлото време, предложи за училиштата дискусијата да биде во палет.

**Агим Садику**- Истакна за да не се губи време, ако некој има некое прашање за соодветното училиште да го постави и да му се одговори.

**Председателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ,,Христо Узунов,, Другово за учебната 2022/2023 година и истиот беше усвоен со 21 глас ЗА, ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Валентина Лазаревска**- Информира дека извештаите биле направени про-форма, немало хронолошка подреденост во однос на програмата и во која мера се исполнети предвидените услови во програмата. Извештаите биле направени копи -пест, сега имало нови наставни планови,нови изборни предмети кои ги немало во извештаите.Во Извештаите имало многу грешки и податоци кои веќе не биле во употреба и наведе примери за тоа. Предложи посериозно да се пристапи кон изработка на извештаите и информира дека за дел од нив ќе гласаат воздржано.

Претседателот на советот истакан во иднина да се внивава на тоа.

**Агим Садику**- Предложи Секторот за образование да изготви шаблон и училиштата да работат согласно со него.

**Валентина Лазаревска-** Информира дека директорите Годишните извештаи ги изготвуваат врз основа на Годишните програми и требало Извештајот да го средат врз основа на реализацијата на програмата..

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Кузман Јосифоски Питу,, Кичево за учебната 2022/2023 година

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ ,,Кузман Јосифоски Питу,, Кичево за учебната 2022/2023 година и истиот беше усвоен со 21 глас ЗА, ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5. ПЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Реџо Рушит Зајази,, Зајас за учебната 2022/2023 година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ ,, Реџо Рушит Зајази,, Зајас за учебната 2022/2023 година. и истиот беше усвоен со 16 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**6. ШЕСТА ТОЧКА:** Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Санде Штерјоски,, Кичево за учебната 2022/2023 година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ ,, Санде Штерјоски,, Кичево за учебната 2022/2023 година и истиот беше усвоен со 22 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

**7. СЕДМА ТОЧКА**: Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,,Наим Фрашери,, Јагол Доленци за учебната 2022/2023 година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ,,Наим Фрашери,, Јагол Доленци за учебната 2022/2023 година и истиот беше усвоен со 22 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

Се премина на:

**8.ОСМА ТОЧКА:** Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Милто Гура,, Стрелци за учебната 2022/2023 година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ ,,Милто Гура,, Стрелци за учебната 2022/2023 година и истиот беше усвоен со 16 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,,Фаик Коница,, Грешница за учебната 2022/2023 година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ , Фаик Коница,, Грешница за учебната 2022/2023 година и истиот беше усвоен со 16 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**10 ДЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,,Владимир Полежиноски,, Кичево за учебната 2022/2023 година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ,, Владимир Полежиноски,, Кичево за учебната 2022/2023 година и истиот беше усвоен со 22 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

**<u>11.ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Усвојување на Програма за работа за учебната 2022/2023 година на ОУ,,Владимир Полежиноски,, Кичево.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување на Програмата за работа на ОУ,, Владимир Полежиноски,, Кичево за учебната 2022/2023 година и истата беше усвоена со 23 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

**<u>12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ,, Ѓерѓ Кастриот Скендербег,, Србица за учебната 2022/2023 година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот извештај за работа на ОУ,, Ѓерѓ Кастриот Скендербег,, Србица за учебната 2022/2023 година и истиот беше усвоен со 16 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**<u>13 ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Предлог -Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за град Кичево заради вклопување на бесправен објект

**Претседателотна Комисијата за урбанизам Лазе Јакимоски** информира дека Комисијата за урбанизам се состанала и ги разгледала точките од урбанизам и ги запозна со Извештајот од Комисијата.

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за легализација на објект во приватна сопственост

**Претседателот на советот** ја сстави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за град Кичево заради вклопување на бесправен објект и истата беше усвоена со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДЖАНИ (нема).

**<u>14. ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Предлог- Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ДУП за населба ,,Календерица,,-1- Блок Б Општина Кичево заради вклопување на бесправен објект.

**Беким Мустафај**- Информира дела се работиза легализација на бесправно изграден објект кој дел е стопански објект, а дел е помошен објект. Дел од него е во зелена површина во државна сопственост и се барало тоа да се избрише.

**Абдула Сејдини**- Информира дека во Извештајот за урбанизам има забелешка кај втората точка не се усвоила со 2 гласа ЗА, туку со 2 гласа ПРОТИВ и побара да се корегира. Истакна дека дел од објектот бил во државна сопственост и имало пропус. Праша дали ќе има пропусти и за други такви објекти или треба тоа да се стопира

**Игор Стојаноски**- Информира дека се работи за легализација на бесправно изграден објект со средства на општинатё, праша зошто да плати општината, а не тој што бара.

**Беким Мустафај**- Информира дека тоа го барало законот.

**Претседателот на советот** ја сстави на усвојување Предлог- Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ДУП за населба ,,Календерица,,-1- Блок Б Општина Кичево заради вклопување на бесправен објект и истата не беше усвоена со 0 гласа ЗА. 11 гласа ПРОТИВ . 12 гласа ВОЗДЖАНИ.

**<u>15. ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Предлог Одлука за доделување на финансиска еднократна подршка на учениците и нивните наставници-ментори од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Кичево за учебната 2022/2023 година за освоено прво место на натпревари на државно ниво организирани од акредитирано зрдружение на наставници.

**Председателот на советот** информира дека е разговарано со предлагачот за кои ученици ќе се работи, за кои натпревари се работи за државен, меѓународен, дали се акредитирани или не. За тоа да се предвидат средства во Буџетот на општината и сл.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека целта било да се мотивираат наставниците и учениците. На сајтот на МИнистерството се наведени 12 акредитирани здруженија. Го образложи членот 2 од Одлуката и информира дека се работело за освоени први места на 3 ученици : еден ученик на два натпревари по Математика и двајца ученици на Државен натпревар по Географија.

**Претседателот на советот** информира дека тоа е во ред, но начинот на имплементација требало да се доуреди и точката да се дополни.

**Валдет Селими**- Информира доколку се усвои Одлуката, таква и ќе биде објавена во ,,Сл. Гласник,,. Предложи да се повлече точката од дневен ред и да се доуреди Одлуката.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека во член 2 од Одликата е наведено како да се спроведе постапката. За следната седница може да се направи само пренамена на средствата за тие потреби.

**Иванчо Божиноски**- Предложи тоа де се разгледа со Секторот за Финансии и таа точка да се разгледа на следната седница.

**Секретарот на општината**- Информира дека за тоа е разгоарано и во Општината. Потребно било да се обратат до другите општини кои имат такви ученици и ментори и според средствата во буџетот то да се уреди и да биде тоа генерално.

**Претседателот на советот** побара точката да се повлече од оваа седница да се доуреди и се стави на следната седница. Истакна дека сите биле за таа точака.

**Анто Трајаноски**- Побара да не се брза со точката, таа да се доуреди и се изгласа на следната седница.

**Лазе Јакимоски**- Праша кој ќе ја прецизира Одлуката за следната седница.

**Секретарот на општината** информира дека тоа ќе го направи Секторот за образование.

Предлагачот ја повлече точката за следната седница со цел истата да се доуреди.

**<u>16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Предлог -Одлука за донесување  на измена и дополна на предлог Деталниот урбанистилки план за населба Чифлик УЕ ,,А, Блок-А6 –дел 2 со плански период 2018- 2023 г. (2.171 хектар)- Општина Кичево

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за измена и дополна на ДУП за населба Чифлик, со самофинансирање од страна на странките, постоеле сите согласности и потребно било да се усвои од страна на советот.

**Претседателот на советот** ја сстави на усвојување Предлог -Одлука за донесување  на измена и дополна на предлог Деталниот урбанистилки план за населба Чифлик УЕ ,,А, Блок-А6 –дел 2 со плански период 2018- 2023 г. (2.171 хектар)- Општина Кичево  и истата се  усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 8 гласа ВОЗДЖАНИ.

**<u>17. СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Предлог Одлука за донесување на предлог Деталниот урбанистички план за населба ,,Девеана,,  УЕ,,Д, Блок Д5-дел со плански период 2018-2023 (1 хектар) - Општина Кичево

**Беким Мустафај**- Информира дека  и оваа точка е иста и се работело за самофинансирање од страна на странките за блок во населбата Девеана.

**Претседателот на советот** ја сстави на усвојување Предлог Одлуката за донесување на предлог Деталниот урбанистички план за населба ,,Девеана,, УЕ,,Д, Блок Д5-дел со плански период 2018-2023 (1 хектар) - Општина Кичево и истата се  усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДЖАНИ.

**<u>18.ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Разно

**Претседателот на советот** прочита барање од граѓаните на улицата ,,Дичо Војвода,, за реновирање на улицата на која биле изведени некој

градежни активности. Информира дека е разговарано за тоа со ЈП,,Комуналец,, и тие во текот на неделата ќе ја реновираат улицата.

**Валентина Лазаревска**- Го праша Секретарот на општината дали оваа година ќе има Јавен повик за инвертер клими, бидејќи имало голем интерес од страна на граѓаните.

**Секретарот на општината**-Одговори дека до крајот на годината ќе имало Јавен повик за инвертери.

**Игор Стојаноски**- Побара банерите на кои пишува ,,Добредојдовте печалбари,, , а биле на албански јазик, да се истакнат и на македонски јазик, па и турски јазик и за тоа да се донесе Заклучок. Тоа да се направело во најкраток можен рок, со цел да се испочитуваат сите луѓе кои живеат во градот и плаќаат даноци.

**Петседателот на советот** –Побара да се стави забелешка во записникот од страна на советот, банерите покрај на албански да се истакнат и на македонски и турски јазик.

**Лазе Јакимоски**- Праша дали банерите ги монтира општината. Информира дека имало прекршување на законот за јазици. Го подржа Игор и истакна дека навистина за тоа имало многу реакции кај граѓаните, тоа барање било легитимно и требало да се почитува законот.

**Претседателот на советот**- Информира дека како албанци не им пречел јазикот на другите , се согласувал со заклучокот и дека за нив тоа не било проблем, а можеби тоа е останато како последица од политиките.

**Лазе Јакимоски**- Истакна дека се согласува со образложението на председателот.

**Валбона Адили**-Информира дека Игор тоа го барал и лани и треба да се спроведе.

**Абдула Сејдини**- Информира дека ќе бара и од страна на Градоначалникот на Бутел да бидат почитувани јазиците таму, истакна дека тој бил ЗА.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 12 часот.

Записничари

-Ленче Србиноска

-Елисавета Милеска

Советна Општина Кичево

Претседател

Скендер Џабири